БР. 4 година I април 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА




- 4 ВЕСТИ
- 6 ИНТЕРВЈУ
  Драго Кос - борец против корупција
- 8 МИСЛЕЊА
  Шминкерски или темелни измени во Антикорупцискиот закон?
- 10 АНАЛИЗА
  Либерализацијата на јавните набавки во земјите на ЦЕФТА: погодности и ризици
- 14 СЛОБОДА НА МЕДИУМИ
  Замолчено новинарство

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење", и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење" сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење".

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење", но и да ни посочите на корунтивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење".

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата "CIVICA Mobilitas" а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

**Центар за граѓански комуникации**
**Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3213 513**
**www.ccc.org.mk**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

"Оваа публикација беше овозможен во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC".

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Професионализација на членовите на Комисијата за спречување на корупцијата и практична примена на антикорупциските прописи во земјава и предлага, меѓу другото, на Македонија Драго Кос, првиот човек на словенечката Антикорупциска комисија и претседател на ГРЕКО, Групата на земји за борба против корупција при Советот на Европа, во ексклузивното интервју за Месечникот за антикорупција. „Треба да се снајдете и кога нема политичка волја за борба против корупцијата“, вели Кос, кој ја спаси Комисијата за спречување на корупцијата од обидот на словенечките политичари да ја укинат.

Имајќи ги предвид неколкуте срамежливи најави дека се подготвуваат измени на Законот за спречување на корупцијата, во овој број нудиме мислења на релевантни чинители од оваа област за можните насоки кон кои треба да се движат измените на законот, односно дали постоечкиот закон треба само да се дотера или темелно да се промени.

Од 1 мај оваа година, сите фирми од земјите-членки на ЦЕФТА, меѓу кои и Македонија, можат слободно да конкурираат на огласите за јавни набавки во секоја од овие земји. Ги анализираме можните придобивки од ова отворање на пазарот за јавни набавки, но и евентуалните проблеми на патот на очекуваното зголемување на конкурентноста, транспарентноста и ефикасноста на набавките во земјите од ЦЕФТА.

Огромната улога на медиумите во борбата против корупцијата и организираниот криминал повторно се актуелизира на светско ниво. Како повод овојпат се искористи Меѓународниот ден на слобода на медиумите. Во т.н. Бризбенска декларација, која произлезе како завршен документ од конференцијата на УНЕСКО за слободата на медиумите, особено се истакнува дека „правото на информација е критично за... зголемување на транспарентноста и отчетноста и претставува моќно орудие за борба против корупцијата“.

Почитувани, овој месец, заедно со месечникот ви доставуваме и краток анкетен прашалник кој, ако го пополните, ќе ни помогне да ги унапредиме квалитетот и содржините на месечникот и на тој начин – сите заедно – да придонесеме кон намалувањето на просторот за корупција во Македонија. Сè што треба да сторите е пополнетиот прашалник да го ставите во претходно адресираниот плик и да го пуштите преку пошта или да и го дадете на вашата служба за пратки да го стори тоа наместо вас. Искрено ви благодариме.



БР. 4 година I

МАК

МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА

- 4 ВЕСТИ
- 6 ИНТЕРВЈУ
  Драго Кос - борец против корупција
- 8 МИСЛЕЊА
  Шминкерски или темелни измени во Антикорупцискиот закон?
- 10 АНАЛИЗА
  Либерализацијата на јавните набавки во земјите на ЦЕФТА: погодности и ризици
- 14 СЛОБОДА НА МЕДИУМИ
  Замолчено новинарство

## ДЕЖЕР ЗА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА



23 април (Б92) – Шефот на делегацијата на ЕУ во Србија, Венсан Дежер, изјави дека борбата против корупцијата е клучна за Србија на нејзиниот пат кон членството во ЕУ.

„Борбата против корупцијата е клучна за Србија на нејзиниот пат кон ЕУ. Ние внимателно го надгледуваме секој напредок што го прави државата во овој поглед", рече Дежер за време на состанокот со директорката на антикорупциската агенција, Зорана Марковиќ.

„Воспоставување на Агенцијата беше позитивен чекор и ние ја изразуваме целосната поддршка на ЕУ за нејзината работа. Сега и се потребни неопходните средства и институционална поддршка за да го спроведе својот мандат", додаде Дежер.

Дежер ја покани Марковиќ да учествува на редовниот месечен состанок на амбасадорите на земјите на ЕУ во Србија, за да им ги изнесе своите гледишта за работата на Агенцијата.

„Се радувам на континуираната соработка со Делегацијата на ЕУ и со државите-членки на ЕУ", рече Марковиќ.

## МЕДВЕДЕВ ПОТПИША ДЕКРЕТ ЗА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО 2010-2011



МОСКВА, 14 април (Итар-Тасс) – Рускиот претседател Димитриј Медведев потпиша декрет за националната стратегија и националниот план за борба против корупцијата во 2010-2011 година, соопшти во средата прес-службата на Кремљ.

Според декретот, шефот на кабинетот во Кремљ, Сергеј Нарушкин, треба еднаш годишно да му доставува извештај на рускиот претседател за напредокот во спроведувањето на националниот план за борба против корупцијата во 2010-2011 и да ги процесира предлозите за унапредување на антикорупциските активности.

Националната стратегија за спречување на корупцијата е општ програмски документ чија цел е да се елиминираат корените на корупцијата во општеството. Во националниот план ќе се доточнат деталните активности, како и плановите на федералните, регионалните и општинските извршни тела. Националниот план, како алатка за спроведување на стратегијата, содржи список на активности, имиња на нивните спроведувачи, форми, начини и временски период за спроведување, како и параметри за мерење на очекуваните резултати.

## УНГАРСКИ ПОЛИТИЧАР 8 ИПОЛ ГОДИНИ ВО ЗАТВОР ПОРАДИ КОРУПЦИЈА



6 април (The Wall Street Journal) – Јанош Зушлаг, кој дефинитивно стана еден од најпознатите унгарски политичари, беше осуден на осум ипол години затвор поради проневерување на државна помош, објави судот минатата недела. Сложениот корупциски процес, за првпат во историјата на Унгарија, е поврзан со владејачката партија – во овој случај, социјалистите.

Владејачката партија беше строга без преседан кон овој коруптивен случај, поставувајќи прашања за целиот правен систем. Во Унгарија толку строга казна добиваат криминалци осудени за убиство, велат експерти за унгарската новинска агенција „Индекс“.

Г. Зушлаг, поранешен парламентарец од Социјалистичката партија, МСЗП, и повеќе од дузина негови соработници беа обвинети за основање на фиктивни невладини организации во средината на ’90-тите, за да проневерат помош во вкупна вредност од 75 милиони форинти (356 000 долари). Парите биле употребени за финансирање на политичката кампања и на партиските активности, а дел бил потрошен и за приватни цели.

Иако тој врати најголем дел од парите откако беше уапсен, судот му донесе толку тешка пресуда образложувајќи дека парите се проневерени на систематски начин од „криминална организација“. Во одбрана на својата сурова пресуда, судот исто така рече дека г.Зушлаг не соработувал, само го потврдил она што не можел веќе да го побива, и продолжи да молчи во врска со најконтроверзните прашања, како што се неговите контакти со полицијата.

Временскиот период на пресудата за г. Зушлаг отвора други прашања – тригодишниот судски процес заврши токму пред парламентарните избори на 11 април. Судот можеби сакаше да им испрати порака на политичарите и на јавноста за корупцијата, но можеби и не резонирале толку силно како што имале намера – луѓето знаат дека постојат далеку поголеми криминалци кои поминуваат неказнети.

Најпознат пример во главите на најголем број Унгарци е случајот со поранешниот главен извршен директор на Постабанк, Габор Принц, за несовесно ракување со имотот на банката меѓу 1995 и 1997 година. Консолидацијата на Постабанк ги чинеше даночните обврзници не 75 милиони, туку 220 милијарди форинти, зголемувајќи го во тој период буџетскиот дефицит на земјата за неколку поени. Во пресудата во 2008 година на Принц му беше наложено да врати 3,6 милиони форинти, а не доби ниту еден ден затвор.

Како и да е, пресудата за Зушлаг може да биде еден од првите чекори кон поголема транспарентност во Унгарија. Експертите велат дека нема шанси еден Унгарец да го изживее животот без некогаш да биде инволвиран во некаква форма на корупција.

Во земја во која секојдневна практика е барање помош од пријател или роднина близок до властите или ставање плик со пари во џебот на докторот со надеж за подобар третман, неопходни се промени во свеста на луѓето.

Колку порано почнат тие промени, толку подобро. А Фидез, партијата која е во предност за победа на априлските избори, има шанса да докаже дека може да ја намали корупцијата и да го негира тврдењето дека „рибата смрди од главата“.



# ТРЕБА ДА СЕ СНАЈДЕТЕ И КОГА НЕМА ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

*Драго Кос, прв човек на словенечката Антикорупциска комисија и претседател на ГРЕКО, Групата на земји за борба против корупција при Советот на Европа, во ексклузивно интервју за Месечникот за антикорупција (МАК) препорачува професионализација и зголемени ингеренции на членовите на македонската комисија, како и практична примена на антикорупциските прописи во земјава. Според него, граѓанскиот сектор мора да учествува во избирање на раководствата на антикорупциските тела, да биде во ситуација да ја оценува нивната работа и на вистински начин да влијае врз содржината и спроведувањето на антикорупциските мерки. Антикорупциските комисии треба да се снајдат и кога во земјата нема политичка волја за борба против корупцијата, вели Кос.*



Фото: Дело

***МАК:** Оваа година ви истекува мандатот на претседател на Комисијата за спречување на корупцијата. Се сметате ли за победник во битката против корупцијата? Што успеавте да смените во овие шест години?*

**Д. Кос:** Победници во битката против корупцијата не може да има, но секој од нас, па така и јас, може да стори нешто во борбата против корупцијата. За овие шест години, нашата комисија прво требаше да опстане бидејќи дел од словенечката политика правеше сè за да ја укине, и тоа е и нашиот најголем успех. Заедно со ова доаѓаат и неколку други постигнувања, како што е тоа дека пред шест години во Словенија никој не ни зборуваше за конфликт на интереси, а денеска сите знаат што е тоа; освен тоа, луѓето како борба против корупцијата препознаваа само репресивни мерки, а денеска знаат што се превенција, етика и интегритет. Натаму, луѓето сфатија дека за носителите на власт важи не помалку, туку повеќе ограничувања...

***МАК:** Со оглед на тоа што вашата Комисија се смета за една од најуспешните не само во овој регион, туку и пошироко, кои се клучните предуслови според вас за ефикасна борба против корупцијата во една земја?*



Фото: Дело

**Д. Кос:** Органите како што е нашата комисија треба безусловно да инсистираат на почитување на законитоста, објективноста и непристрасноста. Не е важно која е личноста што е предмет на наша обработка, туку поради што станала предмет на обработка. И не смее да има ниедна пречка пред која комисијата би се повлекла и ниедна цена што комисијата не би ја платила за да ја доврши својата работа. Се разбира дека предуслов на сето ова е вистинска политичка волја за борба против корупцијата во земјата, но треба да се снајдете и кога таа волја ја нема (повеќе)...

***МАК:** Кои области се најподложни на корупција во регионот?*

Д. Кос: Најголем проблем на нашиот регион е тоа што некои носители на власта сè уште се чувствуваат како да се над законот и така и се однесуваат, а надлежните институции на тоа не реагираат или не им е дозволено да реагираат. Потоа, доаѓаат проблеми како што се заземање на клучните места во државниот апарат врз основа на политичката припадност, непотизам... Најголеми материјални штети на земјите во регионот им нанесуваат случаите на корупција во кои доаѓа до спој на јавните финансии и приватните интереси – на пример, кај јавните набавки. За жал, има и земји каде што корупцијата е средство без кое луѓето и нивните семејства не можат да преживеат, но тоа, за среќа, се менува.

***МАК:** Со оглед на секогаш постоечкото политичко влијание врз работата на антикорупциските органи, што би требало да се направи според вас на патот кон вистинска, а не само формална независност?*

**Д. Кос:** Формалната независност сè уште е предуслов за сè, тоа е независност што е одредена со закон, со која се одредува статусната положба на органите. Врз основа на тоа, таа независност практично се постигнува со соодветни постапки за избор на раководните органи (такви во кои политиката нема решавачки глас),

Драго Кос (49) е претседател на Комисијата за спречување на корупцијата на Словенија од летото 2004 година, инаку прв избран претседател на оваа комисија. Од декември 2002 година е претседател на ГРЕКО, Групата на земји за борба против корупцијата при Советот на Европа, а нејзин заменик-претседател е од 1999 година. Тој ја претставува Словенија во Работната група на ОЕЦД за спречување на корупцијата во меѓународните бизнис-трансакции и во Антикорупциската иницијатива на Пактот за стабилност (СПАИ). Од дипломирањето на Правниот факултет во Љубљана во 1983 година до 2004 година, работел на различни одговорни позиции за борба против корупцијата и организираниот криминал во словенечкото Министерство за внатрешни работи и во Владата на Република Словенија.



со ограничени и аполитички причини за нивна смена, како и со фактичка финансиска независност (одредувањето на обемот на средствата и одлучувањето за нивното трошење мора да биде во рамките на самиот орган).

*МАК: Кои се, според вас, ризиците од постоењето на антикорупциска комисија од една страна, а неефикасна борба против корупцијата од друга страна?*

**Д. Кос:** Антикорупциските комисии, барем во нашиот регион, се превентивни тела. Поради долгогодишната традиција, луѓето како доказ за ефикасност на државните органи во борбата против корупцијата, за жал, сè уште ги сметаат само резултатите од работењето на репресивните органи (полицијата, обвинителството и судовите). Така се доаѓа до парадоксот – поради нивната неефикасност, луѓето како неефикасни да ги сметаат и најфункционалните превентивни тела. Ова, се разбира, значи дека треба да им се посветува целосно внимание на сите сегменти од борбата против корупцијата, бидејќи во спротивно, настануваат проблеми кои само превентивните или само репресивните тела не можат да ги решат.

*МАК: Дали вашиот полн работен ангажман имаше удел во успешното работење на вашата комисија? Во Македонија членовите и претседателот на Комисијата се ангажирани само хонорарно, а дополнителен притисок создава тоа што најголем дел од нив работи во државни институции.*

**Д. Кос:** Без полн работен ангажман не можам ниту да замислам дека кој било би можел ефикасно да работи во комисија како што е нашата или македонската. Тоа едноставно мора да е ,full-time job', за тоа воопшто не треба ни да се зборува. Колку што знам јас, Комисијата во Македонија е единствена во која членовите не се нејзини вработени.

*МАК: Кој би бил вашиот совет за македонските колеги – што треба да се направи во земја во која – од една страна, според оценките на сите релевантни институции, има проблеми со корупцијата, а од друга се соочува со слаби институции за борба против корупцијата?*

**Д. Кос:** Најпрво, секако дека треба да се професионализираат нивните функции, на кои треба да им се продолжи и мандатот (само за една година претседателот на Комисијата не може да направи ништо сериозно или долгорочно). Би требало да се намали и бројот на луѓе кои на Комисијата ѝ поднесуваат извештај за имотната состојба (80.000 извештаи не можат сериозно да се анализираат!), како и да ѝ се дадат на Комисијата нови овластувања, според кои би била во состојба да го санкционира секое отстапување од пропишаните норми за однесување на носителите на власт во државата.

*МАК: Дали досега имало обиди за поинтензивна соработка меѓу македонската и словенечката комисија?*

**Д. Кос:** Освен неколку посети од обете страни, при кои главно се запознававме, не.

*МАК: Што може и што треба да се преземе за поголема вклученост на граѓаните и на граѓанскиот сектор во борбата против корупција, за таа да не зависи само од волјата на властите?*

**Д. Кос:** Граѓаните и граѓанскиот сектор мора да станат формален и правен дел од секој сегмент на борбата против корупцијата – како во подготовка на прописите или на стратегиите за борбата против корупцијата, така и во нивното спроведување. Тоа секако значи дека граѓанскиот сектор, на пример, мора да учествува во избирање на раководствата на превентивните противкорупциски тела, да биде во ситуација да ја оценува нивната работа и да има вистинска можност да влијае врз содржината на антикорупциските мерки и на облиците на нивно спроведување.

*МАК: Вие сте претседател на ГРЕКО, Групацијата на земји против корупција, при Советот на Европа. Колку Македонија ги исполнува препораките на ГРЕКО?*

**Д. Кос:** Македонија има висок процент на исполнување на препораките на ГРЕКО. Тоа значи дека ги сфаќа овие препораки како обид на ГРЕКО да ѝ помогне на земјата во создавање на најдобри можни услови за борба против корупцијата. Тие услови, особено во областа на законодавството и во институциите, постојат и сега ѝ е редот на Македонија тие да почнат да даваат и практични резултати. Имено, промената на прописите и создавањето нови институции не е цел на ГРЕКО сама по себе, туку целта се вистински промени на условите во кои живеат луѓето на одредена земја. Тоа едноставно значи дека ГРЕКО во следните фази ќе изврши евалуација за да види дали исполнетите препораки донеле и практичен пресврт кон подобро.

Натали Н. Сотировска, новинарка во „Дневник“

# ШМИНКЕРСКИ ИЛИ ТЕМЕЛНИ ИЗМЕНИ ВО АНТИКОРУПЦИСКИОТ ЗАКОН?

Кога нешто чкрипи при примена на општоприфатените државни политики во праксата, „виновни“ се законите. За не баш добрите оценки во извештајот на Европската комисија за антикорупциските практики во Македонија виновникот е повторно пронајден, овојпат во Законот за спречување на корупцијата. Бил застарен, велат. Иако и тие веќе одамна знаат дека во Македонија најмал проблем се лошите закони; слабите резултати лежат во нивната примена, и токму затоа меѓународните организации ни препорачуваат измена на овој закон. Веројатно веруваат дека нешто ќе се смени. Или само се трудат барем на хартија да ги следиме светските трендови.

Една од главните измени и дополнувања што ни ги препорачуваат странците на Законот за спречување на корупцијата, веќе многупати менуван и дополнуван, е професионализација на функцијата „член на Државната комисија за спречување на корупцијата“. Сметаат дека со ова членовите на Комисијата ќе добијат повеќе време да ѝ се посветат на борбата против ова, не само кај нас метастазирано зло, што го јаде општественото ткиво. Го јаде и државниот капитал, поточно народните пари, парите на даночните обврзници. Но, дали е кај нас проблемот во времето што антикорупционерите го имаат да се борат со корупцијата? Или со професионализацијата на нивните функции во Комисијата, при што фактот што ќе бидат плаќани од власта и од буџетски пари само ќе ги направи уште позависни од владејачката гарнитура? Дури и сега, кога членовите на Комисијата си имаат други работни места и лебот не им зависи од хонорарот што го добиваат за својот дел во борбата со корупцијата, Антикорупциската комисија доживува силни критики дека е под влијание на власта.

Министерот за правда Михајло Маневски потврдува дека измени на овој закон ќе има. Биле предвидени во програмата на Владата, а со нив во законот треба да се вградат препораките на Европската комисија за антикорупциските политики и за Државната комисија за спречување на корупцијата.

- Една од препораките на Европската комисија е да се преиспита начинот на вршење на функцијата од страна на членовите на Антикорупциската комисија. Сега тие во Комисијата работат хонорарно. Треба да се преиспитаат можностите за нивен поинаков статус - вели Маневски.



Измени на законот во ова насока биле предвидени и во Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА). Претседателот на Антикорупциската комисија Илми Селами објаснува дека во програмата како задача е предвидена измена на статусот на членовите на Комисијата во правец тие да бидат ангажирани професионално, што значи со полно работно време, а работниот однос каде што работеле претходно да им мирува за време на мандатот.

Идејата за професионализација на функцијата на антикорупционерите не е нова. За неа веќе се расправаше, а беше ставена како предлог во една од измените на законот. Но, тогаш превладеа ставот дека постоечкиот статус на членовите на Комисијата е гаранција за нивната независност. Членовите на Комисијата велат дека не се против таква измена ако тоа се смета како усогласување на нашето со законодавството на ЕУ.

- Но, сметам дека треба да се имаат предвид специфичностите на нашиот систем, како општество и држава. Станува збор за суптилна материја и за специјализиран орган, а од искуството што го имам со членството во Комисијата, сепак сметам дека специфичноста на борбата против корупцијата кај нас бара токму такво решение какво што е сегашното во однос на ангажманот на нејзините членови. Сметам дека со членови на Комисијата кои зависат само од ангажманот во неа нема да се обезбеди поголема независност во нивната работа. Напротив, нив тоа ќе ги направи

позависни, бидејќи работното место ќе им „виси" од тоа како работат. Мислам дека ние во Комисијата тоа ќе го прифатиме, но се плашам дека искуството понатаму ќе го потврди нашиот сомнеж и дека потоа ќе треба повторно да се вртиме во круг со нови измени и дополнувања на законот - вели Селами.

Претседателката на првиот состав на Антикорупциската комисија, професорката Слаѓана Тасева, вели дека е нормално по 10 години од носењето на првиот закон за спречување на корупцијата, тој да се преиспита и да се приспособи кон промените што ги прифатила меѓународната заедница во регулирањето на оваа сфера.

-Идејата беше да се формира посебно независно тело за превенција и за истражување на одредени состојби во врска со корупцијата. Но, не сум слушнала дека кај нас е направена анализа што добивме со ваков закон, со ваква комисија и со ваков статус на нејзините членови. Јас лично сметам дека добивме многу. Во други држави, како Србија и Словенија, комисиите беа во рамки на владите. Се сомневам дека сме подготвени за професионализација на членовите на Комисијата. Знаеме под какво силно влијание е државната администрација во Македонија и ако Комисијата влезе во таа администрација, ќе ја дели и нејзината судбина. Се плашам да не направиме грешка, па да го растуриме и тоа што го имаме ако немаме идеја што всушност сакаме да направиме со Комисијата - вели Тасева.

Новиот претседател на Комисијата смета дека сегашниот закон треба да „оди во историјата" и да се донесе сосема нов.

- Законот дури треба да има и поинаков наслов. Во неколку држави, тоа се закони за интегритет или за ‘добро владеење‘ и со нив со еден термин се опфаќа сè - и корупцијата, и судирот на интереси, и ‘доброто владеење‘ и сè друго од оваа област. Се чувствува дека одредбите на сегашниот закон се застарени. На пример, со сегашната дефиниција на корупцијата се губи можноста да се следи корупцијата во приватниот сектор, што е тренд во развиените демократии. Ова е предвидено и во Конвенцијата на ООН, која сме ја ратификувале уште во 2007 година. Но, ете, ние изгледа сме научени тоа да го правиме по потешкиот пат, не искористувајќи ги можностите да направиме добри закони. Понатаму, има прилично многу одредби од постоечкиот закон кои треба да се прочистат, да се усогласат и да се синхронизираат со останатите закони во системот. Но, нашето искуство како Комисија со измените на законите е горчливо. Неколкупати кога се менуваа законите за спречување на корупцијата и за спречување на судирот на интереси, работевме ревносно, тргнувајќи од искуствените сознанија и согледувања. Но, политиката секогаш нашите предлог-закони ги кратеше и ги искривуваше. Најсвеж пример е Законот за спречување на судирот на интереси, кога во Комисијата дојдовме до констатација дека можеби ќе беше подобро да не се инициираа промени, бидејќи добивме уште понеквалитетен и понеприменлив текст од претходниот - вели Селами.



Пренесувајќи го ставот на Комисијата, тој вели дека ако веќе не се планира носење сосема нов закон, тогаш барем не треба да се оди само со шминкање; законот треба подетално да се исчисти и да се изградат неколку одредби, особено во делот на корупцијата во политиката.

- Добро би било да се избришат оние проблематични вентили кои ги отвораат запирките и зборовите како „освен". Треба да се избегнат евентуалните двосмислености во законот, бидејќи тие овозможуваат одредени дејства кои и нас како Комисија нè ставаат во незгодна и незавидна позиција. Тоа воедно го ослабнува институционалниот капацитет на Комисијата и ги отапува нашите алатки - вели Селами.

Измени во законот за спречување на корупцијата дефинитивно ќе има. Но, засега сè уште е тоа само иницијатива и дел од програмата на Владата и на Министерството за правда. Работна група што ќе работи на измените и дополнувањата сè уште не е формирана. Но, министерот Маневски ги посочува главните точки на кои треба да се работи, меѓу кои е и тоа што на изминатите избори ѝ се овозможи на власта да користи државни буџетски пари за време на изборните периоди. Користејќи само едно зборче во законот, тие законски го правеа она што со законот е строго забрането - да почнуваат инвестициски проекти со пари од буџетот.

- Ќе се интервенира во делот што се однесува на изборните кампањи. По препорака на ОБСЕ, во овој дел ќе се изменуваат и одредби од Изборниот законик - вели тој.

Маневски најавува измени и во одредбите што се однесуваат на анкетните листови и на испитувањето на имотната состојба.

-Сега само Антикорупциската комисија и УЈП имаат можност да отпочнуваат иницијативи за испитување на имотната состојба кај функционерите кај кои постојат основи на сомневање дека незаконски стекнале имот. Со измените би се проширил кругот на субјектите кои би имале можност да отпочнуваат вакви иницијативи. Ова е особено е важно, а сега е слабо разработено, во случај на преиспитување на имотот при промената на имотната состојба и по престанокот на функцијата - објаснува Маневски.

Вања Михајлова, антикорупциски експерт

# ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЦЕФТА: ПОГОДНОСТИ И РИЗИЦИ

***Можноста за фирмите од членките на ЦЕФТА да учествуваат рамноправно во јавните набавки се очекува да ја поттикне конкурентноста, да ги зголеми понудата, квалитетот и транспарентноста на постапките и да ја намали корупцијата во оваа ранлива област. Сепак, не треба да се биде преголем оптимист во очекувањата. Постојат сомневања дека некои земји ќе се обидат да најдат начини за фаворизирање на домашните фирми.***

Централноевропскиот договор за слободна трговија – ЦЕФТА, потпишан во декември 2006 година, а кој стапи на сила во ноември 2007 година, покрај остварувањето на основната цел –либерализација на трговијата со стоки и можност за создавање единствена зона за економска соработка, се проширува и во областа на јавните набавки. Од 1 мај 2010 година се создава можност компаниите од земјите-потписнички да имаат рамноправен и недискриминаторски третман при јавните набавки во секоја од нив, а со тоа и можност за зголемување на конкуренцијата во постапките за јавни набавки во целиот овој регион.

Имено, земјите-потписнички, Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Молдавија, Црна Гора и УНМИК за територијата на Косово, преземаат обврска од денот на стапување на сила на делот од Договорот, член 34, Анекс 1, „да обезбедат објава на јавните набавки на транспарентен и разумен начин, еднаков третман на сите понудувачи од другите страни, заснован врз принципите на отворена и делотворна конкуренција. Со ЦЕФТА-договорот, најдоцна до 1 мај 2010 година секоја страна треба да обезбеди прогресивно и ефикасно отворање на пазарот на јавни набавки, во согласност со сите релевантни закони, прописи, процедури и практики, а стоката, услугите и понудувачите од другите страни да имаат обезбеден третман кој не е помалку поволен од третманот што го имаат домашните производи, услуги и понудувачи."

## Сегашно законодавство за јавни набавки во земјите на ЦЕФТА од аспект на еднаков третман на понудувачите

Законите за јавни набавки на земјите-потписнички на ЦЕФТА речиси целосно се засноваат врз Директивите на ЕУ, чии клучни принципи се еднаквиот третман и недискриминација на субјектите кои учествуваат во постапките за јавни набавки и слобода при давањето услуги и производи, без оглед дали се работи за домашни или за странски понудувачи. Законодавствата на овие земји, иако јасно не упатуваат на забрана на дискриминација помеѓу домашните и странските понудувачи, содржат одредби според кои договорните органи (набавувачите) не смеат во тендерската документација да дефинираат такви технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, трговска марка, специфично потекло

на стоки, а со цел фаворизирање или елиминирање на определени понудувачи или определени стоки.

Законите за јавни набавки во сите земји содржат решенија според кои, доколку проценетата вредност на набавката е над определен износ (конкретно утврден во законот или со подзаконски акт), огласот, покрај во службеното гласило на земјата како и на веб-страницата на соодветната агенција за јавни набавки, да мора да се објави и во службено гласило на ЕУ, со што им се овозможува и на сите заинтересирани понудувачи надвор од земјата рамноправно да учествуваат на тендерот.

Во одделни земји, пак (Србија), Законот за јавни набавки содржи поконкретни одредби со кои се „забранува територијална дискриминација и одбивање на понудата доколку седиштето на понудувачот е во друга земја, а не постои договор за еднаков третман помеѓу домашните и странските понудувачи“, со што конкретно се упатува на потребата од еднаков третман на домашните и странските понудувачи. Освен тоа, „понудата не може да биде одбиена доколку не постои договор за рамноправен третман на домашните и странските понудувачи со другата земја од каде што потекнува понудувачот, ако фактички постои еднаква положба утврдена од страна на министерствата надлежни за економски односи со странство“, со што, пак, еднаквиот третман се условува со постоење посебен договор помеѓу надлежните органи.

Според Законот за јавни набавки на Хрватска, „при спроведување на постапка за јавна набавка, набавувачите се должни по однос на сите економски субјекти да го почитуваат начелото на слободно движење на стока, начелото на слобода на деловниот настан, начелото на слобода при нудење услуги и начелата кои произлегуваат од тоа, како што е начелото на натпревар на пазарот, начело на ефикасност, еднаков третман, забрана на дискриминација, начело на меѓусебно признавање, начело на размерност и транспарентност. Овие начела се применуваат врз сите постапки и вредности за јавните набавки.“ При ова јасно се дефинира дека „економскиот субјект што има право на нудење соодветни услуги спрема државата во која има седиште, не смее да биде исклучен од постапката од јавни набавки со образложение дека според прописите на Хрватска мора да биде физичко или правно лице.“

Значи, во законите на овие земји директно и јасно се упатува на недискриминирање на странските фирми како понудувачи на тендерот.

Во законите за јавни набавки на други земји се потенцира дека „договорниот орган не смее да ја ограничува конкуренцијата помеѓу понудувачите, а посебно не смее да спречи определен понудувач да учествува на тендер со неоправдано користење на ограничена постапка и со користење на дискриминаторски критериуми“ (Црна Гора). Во одделни земји (Албанија) постојат јасни правила според кои „договорните органи не смеат да вклучат критериуми, барања или процедура заради дисквалификација на економските оператори, со кои се дискриминираат посебни понудувачи или посебни категории на понудувачи“, без да се прецизира дали ваквата дисквалификација се однесува на странските или на домашните понудувачи - но може да се смета дека подеднакво се однесува на сите понудувачи.

И Законот за јавни набавки на Косово содржи слични одредби. Така, „договорниот орган не смее да преземе активности во јавните набавки на начин со кој се елиминира или се намалува конкуренцијата помеѓу економските оператори. Договорниот орган не смее во која било фаза на постапката да преземе активности кои се дискриминаторски или со кои се фаворизираат еден или повеќе економски оператори. Договорните органи не смеат да креираат или да воведат такви мерки кои би резултирале со територијална, лична, материјална или друга дискриминација.“

Законот за јавни набавки на Република Македонија, кој целосно се заснова врз принципите на Директивите на ЕУ, упатува дека „секој економски оператор има право да учествува, самостојно или во група на економски оператори, во постапка за доделување на договор за јавни набавки“, без стриктно да се потенцира дали станува збор за домашни или странски понудувачи. Огласот над определена вредност (500 000 евра за стоки и услуги и 2 000 000 евра за работи), покрај во „Службен весник на РМ“, треба да биде објавен и во службено гласило на Европската Унија или во соодветна деловна публикација, со што им се дава можност на странските понудувачи да учествуваат во постапките за јавни набавки.

Законот за јавни набавки на Босна и Херцеговина упатува дека „тендерот е отворен за меѓународна конкуренција за меѓународните договори“ дека „проценетата вредност може да се изрази и во странска валута“ и дека „тендерската документација треба да биде подготвена и на англиски јазик“.

И според Законот за јавни набавки на Црна Гора, „набавувачот може тендерската документација или поединечни нејзини делови да ги подготви на странски јазик кој вообичаено се користи во меѓународната трговија“. Слични одредби се содржани и во законите на други земји, според кои доколку вредноста на набавката надминува определен износ, огласите за јавни набавки се објавуваат и на јазикот кој вообичаено се користи во меѓународната трговија, а износот на набавката може да биде искажан и во странска валута, што исто така упатува на еднаков третман на понудувачите, без оглед на земјата на потеклото. Слична одредба е содржана и во законот на Србија.

Според законот на Косово, пак, тендерската документација и сите придружни документи, покани, преписки и сл. ќе бидат објавени на албански и на српски јазик, а може да бидат подготвени и на англиски јазик. За проценета вредност на набавката над определен износ, целокупната документација ќе биде подготвена на албански, на српски и на англиски јазик.




Сепак, ваквото ограничување не треба да се однесува на ЦЕФТА-земјите бидејќи договорот кој стапи во сила од почетокот на овој месец би требало да ја отстрани оваа бариера и сите правни субјекти да можат рамноправно да учествуваат на тендерите на целиот овој пазар. Исто така, во дел од овие земји, постојат прикриени фаворизирања на домашни фирми под превезот на овозможување резервирано право на понудувачите според заштитена програма за вработување лица со инвалидитет или за договорите кои се однесуваат на проектирање и изградба во склоп на субвенционирани програми за изградба на станови, кога може да се пропише посебна постапка за избор на најповолна понуда.

Иако регулативата формално-правно треба да обезбеди еднаков третман на домашните и на странските понудувачи по стапувањето во сила на оваа одредба од Договорот за ЦЕФТА, што за одделни земји можеби ќе значи и одредени измени или дополнување на законот, во практиката не е исклучено фаворизирањето на домашните компании да се направи на пософистициран начин, со пропишување или оценување на одделни критериуми кои можат да ги исполнат само домашните понудувачи, а ќе ги стават во нерамноправна положба странските. Тоа може да се оправда со економската криза и со тешката финансиска состојба во која се нашле одделни компании, а која пак може да се ублажи со добивањето на тендерот. Со тоа се добиваат и поени пред домашната јавност, бидејќи се работи за пари на даночните обврзници кои сосема оправдано треба да отидат кај домашните компании што учествуваат на тендерот. Ваквите случаи се познати во светот, кога заради поттикнување на вработеноста во одделни региони или помагање на одделни индустриски гранки во неповолна финансиска состојба, отворено се фаворизираат домашните фирми, а некаде тоа е предвидено и во законодавството.

И покрај ваквите одредби кои овозможуваат еднаков третман на домашните и странските понудувачи, одделни закони за јавни набавки (Србија) содржат и такви преференцијални правила кои им обезбедуваат привилегирана позиција на домашните компании во однос на странските, а како основа за тоа се повикуваат на правото на реципроцитет. Така, ако понудувачот нуди производи со потекло од држава со која Србија нема заклучено договор кој им овозможува на домашните понудувачи рамноправен пристап на пазарот на таа држава, таквата понуда може да се одбие ако уделот на производите по потекло од таа држава преминува 50% од вкупната вредност на производите од понудата. Треба да се очекува ваквите ограничувања веќе да не важат за земјите-потписнички на ЦЕФТА-договорот.

Постојат и случаи кога и покрај обврската дека „нарачателот е должен во сите фази на постапката за јавни набавки да обезбеди еднаков третман на сите понудувачи и дека не може да ги определи условите кои би значеле територијална, предметна или лична дискриминација помеѓу понудувачите, ниту дискриминација која произлегува од класификација на дејностите“, се јавуваат ограничувања во смисла на тоа дека е „дозволено утврдување на потеклото на стоките или услугите во случаи и за намени кои се предвидени со посебни прописи“, што на некој начин може да асоцира на прикриено фаворизирање на домашните понудувачи.

## Што може да се очекува?

Колку либерализацијата на јавните набавки за земјите на ЦЕФТА ќе придонесе кон поголема транспарентност, конкуренција и ефикасност, како и кон стеснување на можностите за корупција во оваа ранлива сфера и добивање подобра понуда за што помалку пари? Што може да се очекува, барем во првиот период од примената на договорот?

Од аспект на потребата од усогласување на законодавството за јавни набавки со ЦЕФТА-договорот, не треба да се очекуваат некои поголеми измени, со

оглед на тоа што законите на земјите-потписнички, со одредени исклучоци, не содржат дискриминаторски одредби со кои домашните фирми би ги ставиле во привилегирана положба во однос на странските. Ова е и поради усогласеноста на законите за јавни набавки со Директивите на ЕУ, кои јасно и недвосмислено упатуваат на еднаков третман и недискриминација на учесниците во постапките за јавни набавки.

Натаму, треба да се очекува повеќе компании од регионот да учествуваат на тендерите, што може позитивно да влијае врз поттикнување на конкуренцијата. Сепак, треба да се нагласи дека интересот на странските компании, особено на познатите брендови за учество на тендерите, многу ќе зависи и од правната сигурност, ефикасноста на администрацијата, независноста на судството, нивото на корупција во земјата, но и од искуството на компаниите кои веќе се присутни во овие земји.

Слободното движење на стоките и услугите треба да ја зголеми понудата на стоки и услуги на тендерите, да нуди подобар квалитет на стоките и услугите поради поголема конкуренција и фер-натпревар меѓу компаниите од земјите-потписнички. Се очекува дека отстранувањето на бариерите и ограничувањата во оваа област од 1 мај оваа година, поради поголемиот број на компании на тендерите, покрај зголемување на квалитетот на понудите (работи, стоки или услуги) ќе ја намали и нивната цена.

Либерализацијата во јавните набавки се очекува да ја намали и корупцијата во оваа област, поради зголемената конкуренција која ќе бара и поголема транспарентност. Но, ако се земе предвид високиот степен на корупција во сите земји-потписнички на ЦЕФТА и големите корупциски афери во дел од нив поврзани токму со јавните набавки, во кои се вклучени и високи владини функционери, не треба да се биде преголем оптимист дека отстранувањето на ограничувањата во оваа област значително ќе ја намалат корупцијата.

Иако либерализацијата во јавните набавки е поздравена во земјите-потписнички на ЦЕФТА-Договорот, поради можноста фирмите без ограничување да учествуваат во тендерите во други земји, што ќе ја поттикне конкуренцијата и квалитетот на стоките и услугите, веќе е присутна воздржаност и сомневање кај одделни земји дека одредбата на членот 34 од Анекс 1 од овој договор нема да се почитува во сите земји. Ваквите сомневања ги базираат врз досегашното лошо искуство од несоодветната примена и нецелосното почитување на ЦЕФТА-договорот, пред сè во однос на слободната трговија на стоки и услуги.

Уште од сега се укажува дека одделни земји (кои и досега не го почитувале целосно договорот) ќе ги форсираат домашните фирми или стоките од домашно производство, преку дефинирање на посебни технички спецификации кои можат да ги исполнат само домашните фирми или производи, а заради поддршка на економските субјекти за ублажување на економската криза.



Даниела Трпчевска, новинарка во „Утрински весник“



# ЗАМОЛЧЕНО НОВИНАРСТВО

*Наместо јазикот на објективноста, од новинарите се почесто говори јазикот на политиката и бизнисот. Од 1992 година до денес, животот го загубиле 808 новинари кои се обиделе на виделина да изнесат некој случај на криминал или на корупција. Македонските новинари се апатична маса, која притисната од стегите на политиката и на бизнис-интересите, се сведува само на следење дневни настани.*

Со пет минути „громогласна тишина“ и годинава новинарите во земјава, заедно со своите колеги од светот, на 3 мај го одбележаа Светскиот ден на слободата на печатот. Се пожалија на сè посилни притисоци од власта, која не трпи критики, на силни бизнис-влијанија пред кои лесно се потклекнува, на целосно девалвирање на професијата и на стравот од кривичен прогон и судски пресуди, кои како Дамоклов меч им висат над секој напишан збор. Не изостана ниту самокритиката, па дел од новинарите повикаа на единство и храброст кај новинарската фела, која сама треба да се избори за своето право слободно да информира, оти слободата никој нема да ни ја даде на тацна. Власта секогаш тежнее да ги стави медиумите под своја капа, но дилемата која постојано се отвора е како новинарите да се изборат за свое место под сонцето и да ја зајакнат улогата на чувари на транспарентното и отчетно работење на институциите и на безмилосното откривање на корупцијата, секаде каде што ќе биде „намирисана“.

Освен неколкуте затемнети телевизиски екрани и замолчени радиостаници, што се смени годинава во споредба со лани? На прв поглед промени нема, но фактите го покажуваат токму спротивното. Работите се поместени, но во надолна насока. Македонија од година во година тоне сè подолу на ранг-листата на Фридом Хаус, па сега падна на 94-то место, во делумно слободни медиуми. Од земјите од регионот, зад нас се само БиХ и Косово. Пред нас се Србија, која го зазема 78-то место, Црна Гора 80-то, а Хрватска 85-то место.

Во извештајот се констатира дека состојбата со слободата на медиумите се влошува веќе осум години по ред, поради што може да се каже дека денес само една шестина од светското население живее во земји каде што медиумите се слободни.

Ако е за утеха, „Фридом хаус” во изминатата 2009 година забележува намалување на слободата на печатот низ целиот свет, што е само потврда зошто се вклучени сите црвени светла да алармираат и да ги потсетат медиумите на нивната улога на watchdog, буден набљудувач на сите важни случувања во општеството. Но, тие треба да одат и чекор понапред, да истражуваат и да ја зајакнуваат контролната улога во однос на работата на институциите, со цел да ги притиснат да работат потранспарентно и да се елиминираат најразличните облици на корупција, на кои не е имуна ниедна земја.

Кој и зошто ја ограничува слободата на печатот, и годинава е една од неколкуте дилеми што се наметнаа во јавноста. Штета што ваквите круцијални прашања за битисувањето на новинарската фела се поставуваат само неколкупати годишно. Но, и тоа е доволно за да се донесе оценка дека состојбата во новинарските редови е повеќе од загрижувачка, и не само што постои застој, туку сè поевидентно е уназадувањето во сферата која треба да биде двигател на демократските процеси во земјата.

Разделени и нееединствени, поделени на „ние“ и „вие“, немоќни да кажат „не“ пред самоволието на газдите, под силно влијание на политиката и на бизнис-интересите, економски кревки, што ги прави подложни и на манипулации, новинарите сè потешко ја бијат битката да останат седма сила во општеството. Јавноста сè помалку им верува, институциите ги затвораат вратите пред нив, им се нудат дозирани информации од „неименувани, но добро упатени извори“, судските бироа се полнат со тужби за клевети и навреди против новинари, а судиите сè полесно изрекуваат казни, што ги прави кревки и плашливи во извршувањето на секојдневните обврски.

„Власта да сфати дека критиката не е удар врз неа, туку обид да се натераат политичарите да работат подобро“, беше само еден од криковите на новинарите кои тие годинава ги упатија во јавноста, на тој начин упатувајќи јасна порака дека сакаат да бидат оставени на мир да ја извршуваат својата работа.

Дека не се розови работите во новинарството, покажува и тоа што укажувањата за транспарентност, отчетност и борбата против корупцијата и годинава повторно се најдоа на агендата на УНЕСКО. Од таму беше упатена јасна порака дека слободата на информирање може да придонесе за отвореност и отчетност на владата и да помогне во спречувањето и борбата против корупцијата, а со тоа да придонесе за подобро управување.

Сепак, слободата на информациите загарантирана со закон не е доволна сама по себе за да се постигнат ваквите цели. Постоењето на демократски медиуми,

независни од власта и од моќните бизнис-интереси, што ќе нудат информации со кои ќе обезбедат одговорно работење на власта, се чини дека станува научна фантастика во светски рамки. И развиените земји, соочени со целосната ерозија на новинарската професија и со падот на довербата во медиумите, сè почесто укажуваат на тоа дека наместо јазикот на објективност, од новинарите сè почесто говори јазикот на бизнисот.

Уште посимптоматично е тоа што новинарите сè почесто одлучуваат попрво да молчат, отколку да ги истражуваат коруптивните зделки на власта. Не случајно медиумите постојано се влечат за уво и се потсетуваат да не заборават дека нивната витална функција е токму таа – да бараат транспарентна, отчетна работа на институциите, со прст да посочуваат и на виделина да ги изнесуваат сите облици на корупција, со што ќе ја остварат својата одговорна ролја во општеството.

Корупцијата ја нагризува демократијата, му се заканува на слободното функционирање на општеството, ги дискредитира највиталните столбови на демократијата – меѓу нив и на самите медиуми. Само истражувачкото новинарство, според многумина, може да ги извади медиумите од бездната во која се западнати, а каде што една деценија наназад се гледа само слаб сноп светлина.

Но, истражувачкото новинарство не само што е скапа туку е и ризична работа, за што секојдневно потврдуваат новинарските извештаи ширум светот. Новинарите во „ризичните земји“ знаат дека истражувачкото новинарство честопати знае да биде и фатално. А, групата на ризични земји каде што новинарството е професија „фатална по животот“, за жал, од ден на ден сè повеќе се шири.

Новинари прогонувани поради обелоденување на корупциски скандал во владата, хајка против медиуми кои пишувале за штетни зделки на власта, претепани колеги кои се обиделе да чепнат во несовесното работење на институциите, се само дел од насловите што секојдневно се застапени во најпознатите светски медиуми.

Само од почетокот на годинава се убиени 36 новинари во светот, а според податоците на невладината организација Комитет за заштита на новинарите, со седиште во Њујорк, од 1992 година до денес животот го загубиле 808 новинари кои се обиделе на виделина да изнесат некој случај на криминал или на корупција. „Егзекуторите“ тешко излегуваат пред лицето на правдата, поради што генералниот секретар на Обединетите нации Бан Ки-мун, по повод Светскиот ден на слободата на медиумите, апелираше дека „сите влади се должни да ги штитат новинарите, а и да ги изведат пред лицето на правдата одговорните за убиствата на новинарите, затоа што сите имаат право на слобода на мислењето и изразувањето“.

Заканите и стравот и од македонските новинари создадоа една апатична маса, која притисната од стегите на политиката и на бизнис-интересите, се сведува само на следење дневни настани, кои веќе се видени и чуени на електронските медиуми. Корупциските скандали најчесто како тема се отвораат од страна на партиите, самите државни институции или пак антикорупциските тела, но имаат многу краток здив и завршуваат без судска разврска. Колку и да звучи сурово, но сториите во медиумите се налик на пресно млеко, па не траат повеќе од три дена. Еден корупциски скандал се покрива со друг, со што се добива чувство дека институциите работат со полна пареа, но крајното сумирање на резултатите покажува дека многу од случаите завршуваат во ветер и магла!

Не случајно мониторингот на пет печатени медиуми во земјава (*Дневник*, *Утрински весник*, *Вечер*, *Време* и *Факти*), спроведен во текот на 2008 година од страна на Центарот за граѓански комуникации, покажа дека известувањето за корупциските скандали е жежок костен за медиумите и се сведува само на кратки вести и информации пласирани од официјалните институции. Најголем дел од текстовите, според истражувањето, се базираат врз произволни информации без ниту еден извор, без доволно докази и поткрепени сознанија. Со тоа медиумите не само што не ја остваруваат својата улога во општеството, туку и создаваат една погрешна и искривена слика во јавноста за состојбата со корупцијата во земјава.

Читателите од медиумите очекуваат чесна, објективна и точна информација, исто онака како што новинарите го бараат тоа од изворите на информации. Токму затоа е недозволива автоцензурата во новинарството, заземањето страна, пропагирањето нечии интереси, сеењето нетолеранција и дискриминација, замолчувањето пред вистината и прикривањето на корупцијата, а како најболна тема се чини останува и таканареченото „новинарство во плик“, кога новинарот „се подмачкува“за да направи одредена сторија. Со ваквите слабости, медиумите не само што не се способни да придонесат кон решавање на проблемите во државата, туку често и самите стануваат дел од тој проблем и од нефункционирањето на системот подјаден од корупција.

Но, медиумите имаат уште една особено важна битка која треба да ја извојуваат и како поединци, и како фела воопшто – да се борат со корупцијата во сопствените редови, со автоцензурата и со ставањето во функција на нечии политички и бизнис-интереси, кои не можат и не смеат да бидат над интересите на обичниот човек и над потребата тој да биде навремено и објективно информиран.

Новинарите мора да се научат да им кажуваат НЕ на сите облици на притисок и поткупување, а за тоа да биде возможно, професијата мора да се издигне на неопходното ниво – со солидни плати и достоинствени услови за работа на новинарите, кои сè повеќе ќе истражуваат, а сè помалку сервилно ќе ги проголтуваат информациите лиферувани од институциите, чија веродостојност и заднина честопати е тешко да се провери.



## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија,  преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните  страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.